Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararasi VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено: Пранuar: Kabul tarihi | 23.03.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org. Org.bir. | Број Numër No. | Прилог Shtojcë Neano | Вредност Vlera Deger |
| 02 | 365 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 31/7
18-03- 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 12 седница одржана на 24.02.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Правни науки", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН" - Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма „Правни науки" прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН" - Гостивар, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран правник /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of Law.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 508 Правни науки
Научно – истражувачка област: Области од полето на правни науки.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 120 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201 - 209/05 од 20.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Правни науки" прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Правен факултет при Меѓународен Универзитет

„ВИЗИОН“ - Гостивар, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 31/1 од 23.04.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 31/6 од 16.03.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 12-та седница одржана на 24.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски